Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019 и 14/2020), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на 1 извршител - кандидат за административен службеник за работно место:**

1. За извршител на работно место - УПР 01 01 Б03 000, Помошник раководител на сектор за кабиентски работи, во Сектор за кабинетски работи, се избира кандидатот **Таибе Емини**.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе биде донесено решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

На барање на Министерството за локална самоуправа бр. 04-2424/1 од 31.10.2023 година, Агенцијата за администрација на ден 04.11.2023 година на својата веб страна и во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", објави јавен оглас број 445/2023 за пополнување на 1 работно место со 1 извршител. Со Решение бр. 10-1965/3 од 15.11.2023 година, од страна на директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, по извршената административна селекција, подготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-1965/1 од 20.11.2023 година. На 04.12.2023 година во 13:00 часот, се спроведе испит за административен службеник и се подготви Записник од спроведен испит за административен службеник бр. 10-1965/5 од 04.12.2023 година. Постапка за веродостојност на докази и интервју за административен службеник се спроведе на 05.12.2023 година во 12:00 часот, по што Комисијата за селекција за вработување подготви Записник бр. 10-1965/6 од 05.12.2023 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата подготви Конечна – ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог кандидати за вработување по јавен оглас, бр.10-1965/7 од 05.12.2023 година, и истите ги достави до Министерството за локална самоуправа.

Врз основа на горенаведеното, Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Државен Секретар
**Кирил Парталов**

**Бр.04-2424/** 8
13-12-2023 **2023 год.**
**Скопје**

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за администрација
- Архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk